**Др. Раде Филиповски** - специјализацијата од Оториноларингологија ја завршил на Воено Медицинската Академија во Белград во 1992 година. Од октомври месец 1998 година до октомври месец 1999 година, се едуцира во главната воена болница во Германија  во Кобленц, каде самостојно извршувал операции на носот и увото. Во 2005 година едномесечен предстој во Ерланген Германија на ОРЛ клиниката под водство на Проф. Х. Иро, каде  дополнително се едуцира во хирургијата на плунковните жлезди и ехографската дојагностика на органите на вратот и крвните садови. Учествува на повеќе конгреси во земјата и странство со сопствени теми. Од 2008 година до 2013 година, постојан учесник на Загребачките курсеви за ендоскопска синусна хирургија. Во ноември месец 2012 учесник на семинарот за ендоскопска тимпанопластика во градот Модена - Италија.
Активно го користи германскиот и англискиот  јазик.